*СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ*
*Клиника за стоматолошка протетика*

# ОСВРТ НА ПСИХОЛОШКИОТ МОМЕНТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ТОТАЛНИ ПРОТЕЗИ

Ванковски В., Вујовиќ-Сушелска В., Гугучевски Љ., Гиговски Н., Гачева С.

*Темпото на животот, егзистенционалните проблеми - како личните така и општествено-политичките превирања, посебно на овие наши простори, губењето на забите и носењето тотални протези доведува до дополнителен хендикеп, кој различно се доживува. Со помош на Корнеловиот тест, изработен на субјективно избрани петнаесет пациенти, ги добивме следниве сознанија: (1) со депресивни реакции се најдени 9 испитаници; (2) со гастроинтестинални (ГИТ) проблеми, два испитаника; (3) со агресивни реакции, четири испитаници.*

*Кај оваа група испитаници се добива еден сплет на рационалното, социјалното и емоционалното битисување. Наша задача е да ги побараме елементите на мозаикот кои ја сочинуваат комуникацијата на релацијата пациент-лекар.*

*Клучни зборови*: протеза, тотална; психолошки тестови; психофизиолошки нарушувања; однос пациент-лекар; депресија

Личностите кои во своите преморбидни црти покажуваат психичка неотпорност со губењето на забите и изработката на тотална протеза можат да манифестираат интензивна реактивна депресија (2). Пациентот себеси се доживува како помалку вреден, потенцирајќи ја сопствената инфериорност преку една невербална комуникација со стоматологот и, воопшто, со околината.

Актуелната надворешна траума, чиј интензитет ја надминува адаптивната ефикасност на ЕГО-то, добива полн израз низ специфични симптоми на трауматски неврози (4). Сметаме дека овие пациенти, за разлика од другите, неколку пати поинтензивно го изразуваат губењето на своите заби како рушење на телесниот интегритет. Довербата, сигурноста и позитивниот емоционален однос на овие пациенти им се потребни повеќе од се.

**Материјал и метод**

Групата испитаници ја сочинуваат петнаесет пациенти, субјективно избрани од наша страна од вкупниот број пациенти дојден во првиот квартал од 1992 година на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика. во Скопје. Истата група пациенти ја поделивме на три старосни групи, и тоа, првата ја сочинуваат два пациента со возраст до 35 години, втората ја сочинуваат пет пациенти со возраст до 50 години, а преостанатите осум пациенти се во третата група, постари од 50 години (граф. 1).

Сите овие пациенти, по долги консултации, ги тестиравме со Корнеловиот тест-индекс. Корнел-индексот е прашалник составен од околу 110 прашања, на кои со заокружување се добива одговорот точно-неточно. Сметавме дека во неговите прашања лебди една доза на сугери-